АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-113/9
27.03. 2025 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021 и 58/2024), а во врска со член 122 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија постапувајќи по Барање бр.08-66/7 од 20.12.2024 година и Барање број 08-164/1 од 24.03.2025 година на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, на својата 26-та седница одржана на 26.03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериер“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериерр “, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на техничко – технолошки науки по дизајн и технологии на мебел и ентериер /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Technical and Technological Science in Design and Technologies of Furniture and Interior.
- Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија;
- Научно – истражувачко поле: 2.11 Друго инженерство и технологии
- Нучно подполе: 2.11.12. Технологии на дрво, дизајн и технологии на мебел и ентериер
- Научно истражувачка област:
2.11.12.01 - Анатомија и технички својства на дрвото.
2.11.12.02 - Примарна преработка на дрво.
2.11.12.03 - Дрвени композитни материјали.
2.11.12.04 - Машини, енергетика и транспорт.
2.11.12.05 - Технологија на финално производство.
2.11.12.06 - Конструкции и подготовка на производство.
2.11.12.07 - Економика и организација на дрвна индустрија.
2.11.12.08 - Проектирање на мебел и ентериер.
2.11.12.09 – друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Константин Бахчеванџиев, проф. д-р Ѓорги Груевски, проф. д-р Горан Златески, проф. д-р Борче Илиев, проф. д-р Виолета Јакимовска Поповска, проф. д-р Владимир Каранаков, Проф. д-р Живка Мелоска, проф.д-р Бранко Рабаџиски, проф.д-р.Зоран Трпоски, проф.д-р Елена Николњски Паневски и проф.д-р Мира Станкевиќ Шуманска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Со влегувањето во сила на ова решение се укинува и се става вон сила Решението бр.08-113/7 од 14.12.2024 година донесено од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесување на Решението бр.08-113/7 од 14.12.2024 година од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија со кое се акредитира студиската програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериер ", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје до Одборот за акредитација на високото образование доставено е Барање за исправка на Решение бр.08-113/7 од 14.12.2024 година, а подоцна и Допис број 08-164/1 од 24.03.2025 година со кој Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје го прецизира и доуредува своето барање во насока на постапување на Одборот за акредитација согласно одредбите од Законот за општата управна постапка во делот на вонредните случаи на укинување и поништување на управни акти. Имено, согласно со барањето изнесено во погоренаведениот допис Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје бара да се донесе ново решение врз основа на поднесениот Елаборат за реакредитација на студиската програма од трет циклус докторски студии по „Дизајн и технологии на мебел и ентериер ".

Одборот за акредитација на високото образование на седницата одржана на ден 26.03.2025 година го разгледа барањето за донесување на ново решение и согласно член 122 од Законот за општата управна постапка оцени дека се исполнети условите да го укине своето Решение бр.08-113/7 од 14.12.2024 година и да донесе ново решение согласно со Елаборатот за реакредитација на студиската програма од трет циклус докторски студии по „Дизајн и технологии на мебел и ентериер со кое се врши усогласување во делот на научно - истражувачко подрачје и во делот на акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма.

Имено, со член 122 од Законот за општата управна постапка се уредува укинувањето на правосилен управен акт со согласност или по барање на странката на начин што се смета дека кога со правосилен управен акт странката стекнала некое право, а органот што го донел смета дека во тој управен акт неправилно е применет материјалниот закон, може да го укине или да го измени актот заради негово усогласување со законот, само ако странката која врз основа на тој акт стекнала право се согласи со тоа и ако со тоа не се повредува правото на трето лице.

При донесувањето на ова ново Решение, Одборот за акредитација на високото образование повторно ги имаше во предвид и се раководеше од: Одлуката бр. 08-66/1 од 31.01.2024 година донесена од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дизајн и технологии на мебел и ентериерр", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, барањето на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје бр. 08-66/2 од 31.01.2024 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма, Извештајот со позитивната оценка на стручната комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето, како и целокупната доставена документација.

Врз основа на напред наведеното, постапувајќи согласно член 122 од Законот за општата управна постапка и согласно Законот за високото образование, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 26-та седница одржана на 26.03.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Претседател на Одборот за акредитација на високото образование**
**Проф. д-р Марјан Ѓуровски**